МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година (“Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.36/26), Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За пријавување на интерес од страна на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди

Согласно Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/26), Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објавува јавен оглас за Пријавување на интерес од страна на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди.

1. Основна цел на овој оглас е да се заштитат потрошувачите на енергија коишто спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи на енергија.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе ја спроведува Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/26) преку доделување на потврда-ваучер за купување и вградување на високоефикасни инвертер клима уреди во бруто износ не повисок од 28.000,00 денари по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност.

Домаќинствата кои ќе се стекнат со потврда-ваучер ќе ги користат истите за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди во правните субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди, а со кои Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе склучи договор врз основа на овој јавен оглас.

2. Право на учество на овој јавен оглас имаат сите правни субјекти регистрирани во Централен Регистар на Република Северна Македонија, а кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди.

Правните субјекти за издадените потврди-ваучери по склучување на договор со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини треба да продаваат само високоефикасни инвертер клима уреди со моќност од 3,5 kW кој имаат најмалку енергетска класа А+ чија цена за купување и вградување нема да биде повисока од 28.000,00 денари со вклучен ДДВ. Правните субјекти треба да гарантираат дека инвертер клима уредите ќе бидат вградени на адресата која е наведена во потврдата-ваучерот на лицата на чие име и презиме гласи издадената потврда-ваучер и за истите ќе треба да приложат гаранција за период од 2 (две) години од денот на вградување и нема да наплатат дополнителни трошоци за вградување.

3. Начин на пријавување на Јавниот оглас

За пријавување на интерес, правните субјекти треба да достават:


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

• пополнет образец на барање за пријавување на интерес од страна на правни субјекти кои вршат трговија со високоефикасни инвертер клима уреди. Образецот може да се превземе од веб страната на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини www.energy.gov.mk;

• тековна состојба на правниот субјект издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци;

• потврда издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија врз основа на која може да се утврди дека на правниот субјект и на лицето кое е управител, член на управниот или надзорниот орган на тој правен субјект не му е изречена санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност;

• документ од Централен регистар на Република Северна Македонија со кој се потврдува дека не се евидентирани податоци за изречена кривична судска одлука за правниот субјект во последните 5 години;

• потврда за платени сите даноци, придонеси и други јавни давачки од Управата за јавни приходи, не постара од 6 месеци;

• потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци;

• потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци;

• понуда на високоефикасни инвертер клима уреди со моќност од 3,5 kW кои имаат најмалку енергетска класа А+ која треба да содржи податоци за производителот, моделот и сериски број. Понудата треба да вклучува цени изразени во денари со вклучен ДДВ за купување и за вградување, при што вкупната цена по единица купен и вграден инвертер клима уред не смее да ја надмине вредноста од 28.000,00 денари со вклучен ДДВ. Понудата може да содржи повеќе модели на инвертер клима уред од различни производители и истата треба да биде потпишана од одговорното лице на правниот субјект и заверена од страна на правниот субјект. Понудата ќе се смета за уредна и комплетна доколку ги содржи погоре наведените барани информммации.

Образецот на барањето, модел на понудата и модел договорот можат да се подигнат од веб страната на Министерството www.energy.gov.mk.

Барањата со документацијата наведена во овој Јавен оглас се доставуваат во Архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, лично или преку пошта на адреса: Македонија бр.27, Скопје, со назнака "Јавен оглас за пријавување на интерес од страна на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди", во периодот од 8 дена од денот на објавувањето на овој јавен оглас. Приемот на барањата во Архивата се врши во работните денови во периодот од 09.30 до 15.30 часот.

4. Начин на спроведување на јавниот оглас

За спроведување на активностите за избор на правни субјекти со кои Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе склучи договор, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини ќе формира комисија составена од три члена и нивни заменици.

Комисијата ќе ја утврди комплетноста на барањето од точка 3 од овој јавен оглас врз основа на доставената документација од правните субјекти. Комисијата ќе подготви извештај кој ќе содржи список на правни субјекти кои имаат комплетни барања од точка 3 од овој јавен оглас и ќе го достави



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3118022 www.vlada.mk

до министерот. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини по електронски пат ќе ги покани правните субјекти од списокот со цел склучување на договори за искористување на потврдите-ваучери.

Со договорот склучен помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и правниот субјект се уредуваат сите права и обврски меѓу договорните страни.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објавува на интернет страната www.energy.gov.mk список на правни субјекти со кои се склучени Договори за начинот на искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди. Покрај ова Министерството ќе ги објави и Понудите кои биле приложени од правните субјекти со кои ќе склучи договор.



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118022
www.vlada.mk